РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5080/4
30-07-2024 (2021)

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на осмата седница одржана на ден 24.07.2024 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5080/1 од 15.11.2021 година, против службеното лице ________________ – поранешен член на управниот одбор на ЈП ________________ Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-5080/1 од 15.11.2021 година се смета за завршен и да се архивира.

Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот број 08-5080/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива затоа што Државната комисија за спречување на корупцијата од увидот во својата евиденција констатира дека на лицето ________________ на ден 30.07.2021 година му престанала функцијата член на Управниот одбор на ЈП ________________ Скопје и во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата, не поднел анкетен лист до ДКСК, со што сторил прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, на лицето ______________________________ му престанала функцијата член на Управниот одбор на ЈП ______________________________ Скопје на ден 30.07.2021 година, видно од Службен весник на РСМ број 190/21, и согласно член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на кортупцијата.
Имајќи во предвид дека од денот на сторување на прекршокот се изминати две години и во тој период не е преземено процесно дејствие за гонење на сторителот на прекршокот ниту е поведена прекршочна постапка, настанала застареност за поведување и водење на прекршочна постапка во конкретниот случај.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.С.М. , член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk